НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ
# ПОВРЗАНИ СО РЕГУЛАТИВАТА НА НАРОДНАТА БАНКА ЗА КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР

***Напомена: Прашањата и одговорите се ажурирани согласно со измените во регулативата за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар (примена од 1 јули 2019 година)***

| **I** | **Тема** | **Доставување податоци и информации во Кредитниот регистар** |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | Дали по извршеното реструктурирање/продолжување на рокот на достасување, полето 11-2 „брКПС" треба да се пополнува со старите кредитни партии и во следните месеци? Дали ако има второ реструктурирање/продолжување на рокот на достасување во месецот се пополнуваат сите стари партии од двете реструктурирања/ продолжувања на рокот на достасување или само од второто? |
| | Одговор | Доколку при реструктурирањето/продолжувањето на рокот на достасување, е одобрена кредитна партија со нов број (пример: број 1111), полето 11-2 „брКПС" се пополнува со броевите на сите кредитни партии коишто се опфатени со тоа реструктурирање/продолжување на рокот на достасување (пример: 200, 300, 400...). Ова поле се пополнува со броевите на кредитните партии секој месец, сè до евентуалното ново реструктурирање/продолжување на рокот на достасување, кога во него ќе се внесе бројот на партијата за побарувањето коешто е претходно реструктурирано или за коешто претходно е извршено продолжување на рокот на достасување и броевите на други кредитни партии, доколку се опфатени со новото реструктурирање/продолжување на рокот на достасување (пример: 1111, 555, 666...).<br><br>Доколку во текот на еден месец настане повеќе од едно реструктурирање/продолжување на рокот на достасување, што во практика е исклучок, полето 11-2 „брКПС" се пополнува со броевите на сите кредитни партии коишто се опфатени со сите реструктурирања/продолжувања на рокот на достасување во текот на месецот, за да се задржи континуитетот во прикажувањето на старите кредитни партии во Кредитниот регистар. Притоа, банката треба да ги следи техничките инструкции на Народната банка коишто се однесуваат на доставувањето на податоците во ова поле. |

| | | |
|---|---|---|
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 2. | Прашање | Како се пополнува полето 12-а „износА“ во случај кога се достасани сите ануитети, кога побарувањето е тужено или кога за кредитот е одобрен грејс-период? |
| | Одговор | Полето 12-а „износА“ се пополнува за сите кредитни изложености за кои полето 12 „типКР“ е пополнето со ознаката А. Се пополнува со износот на ануитетот утврден согласно со договорот, независно од достасаноста на кредитот (делумна или целосна), одобрениот грејс-период, покренатата постапка за присилна наплата на кредитната изложеност, договорената динамика за отплата на ануитетот (месечна, квартална и сл.). |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 3. | Прашање | Со кој датум треба да се пополни полето 15 „датДостГлав“ во случај на револвинг-кредити? |
| | Одговор | Полето 15 „датДостГлав“ – краен датум на достасување на изложеноста – за револвинг - кредити се пополнува со рокот на времетраењето на производот. |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 4. | Прашање | Дали датумот од полето 15 „датДостГлав“ може да се менува? |
| | Одговор | Во полето 15 „датДостГлав“ се внесува крајниот датум на достасување на кредитната партија, согласно со договорот и тој не би требало да се менува. Во случај на промена на датумот на достасување на кредитната изложеност, по извршеното реструктурирање или продолжување на рокот на достасување, новиот датум на достасување се внесува во полето 29-1 „новДатДост“. |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 5. | Прашање | Дали пополнувањето на полето 15-а „датГлав“ - датум на првото достасување на главницата, се однесува на кредитна изложеност врз основа на должнички хартии од вредност? |
| | Одговор | Ова поле не се пополнува за кредитна изложеност врз основа на должнички хартии од вредност. |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 6. | Прашање | Како се пополнува полето 24-б „КП“? |
| | Одговор | Најправилно е полето 24-б „КП“ да се пополни со ознаката (КП1), доколку наместо должникот, отплатата (делумно или целосно), ја врши друго лице |

| | | |
|---|---|---|
| | | коешто презело обврска за плаќање врз основа на кредитната партија врз основа на активирање на обезбедувањето (пример: жирант, потписник на меница), како и во случај кога е склучен договор за пристапување кон долг со друго лице (ознака КП2).<br><br>Но, доколку банката не е во можност да ги следи отплатите за да го пополни ова поле, тогаш, ова поле може да се пополни и во случај кога банката го активирала своето побарување од жирантот, без оглед дали е настанат прилив од жирантот или не. Ова е, исто така, индикација дека клиентот има потешкотии во плаќањето на обврските, а дека жирантот има обврска за плаќање, што е и целта заради која е воведено полето 24-б.<br><br>Истиов пристап ќе се применува и за пополнувањето на ознаката (КП2). |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 7. | Прашање | Како треба да се пополни полето 27-1 „Р/П" доколку станува збор за промена на кредитната изложеност врз основа на еден кредитен производ во друг? |
| | Одговор | Доколку се изврши промена на кредитниот производ (пример: доколку се замени кредитна изложеност врз основа на кредитна картичка со кредитна изложеност врз основа на потрошувачки кредит), при што се менуваат договорните услови согласно со интерните акти на банката, полето 27-1 „Р/П" се пополнува со (Р) доколку промената е поради влошена финансиска состојба на клиентот, или (П) во случај на продолжување на рокот на достасување. Доколку не се исполнети овие два услова, ова поле не се пополнува. |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 7-а. | Прашање | Како треба да се пополни полето 27-1 „Р/П" во случај кога има продолжување на рокот на достасување и нема зголемување на изложеноста, а како во случај кога има продолжување на рокот и притоа се зголемува износот на кредитната изложеност? |
| | Одговор | За кредитните изложености кај кои има продолжување на рокот на достасување и нема зголемување на изложеноста во моментот на продолжување на рокот, а продолжувањето не е резултат на реструктурирање на кредитната изложеност, полето 27-1 треба да се пополни со ознаката „П". Во случај кога при продолжувањето на рокот се одобрува и дополнителен износ на кредит со кој се зголемува износот на кредитната изложеност, банката треба оваа изложеност да ја третира како нова кредитна партија во Кредитниот регистар. |

| | | |
|---|---|---|
| | Датум на објавување на одговорот | 19.11.2019 |
| 8. | Прашање | За кој вид побарувања од Република Северна Македонија треба да се применува шифрата за видот на обезбедувањето 018? |
| | Одговор | Шифрата за видот на обезбедувањето 018 - Залог на побарувања од Република Северна Македонија, се пополнува кога станува збор за залог на побарувања од централната влада и јавните институции во Република Северна Македонија, коишто согласно со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот имаат третман на централна влада. |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 9. | Прашање | Дали треба да се користат шифрите за видот на обезбедувањето за кредитни изложености настанати врз основа на репо-трансакции? |
| | Одговор | Шифрите за видот на обезбедувањето треба да се пополнуваат при пријавувањето на изложеностите врз основа на репо-трансакциите. |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 10. | Прашање | Дали за отпишаните побарувања согласно со Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/14) треба да се доставуваат податоци до Кредитниот регистар? |
| | Одговор | За отпишаните побарувања, согласно со Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните, не треба да се доставуваат податоци до Кредитниот регистар. |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 11. | Прашање | Дали треба да се доставуваат податоци до Кредитниот регистар за отпишаните побарувања врз основа на правосилна судска одлука во случаите кога банката погрешно побарува одреден износ? |
| | Одговор | Банката треба да ги пријави во Кредитниот регистар сите случаи на отпис коишто се релевантни за оценување на кредитната способност на клиентот, односно коишто ја одразуваат кредитната способност на клиентот (пример, отпишани побарувања затоа што нема од што да се наплати од должникот, застарено побарување итн.). Само во исклучителни случаи кога банката нема право на одредено побарување, односно погрешно побарува одреден износ, таа може да не го пријави отпишаното побарување во Кредитниот регистар. Банката би требало да го регулира постапувањето во ваквите случаи во своите интерни акти. Исто така, во овие случаи, доколку се исполнети условите за коригирање на погрешните податоци од |

| | | |
|---|---|---|
| | | точката 7 став 3 од Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар, банката или штедилницата е должна соодветно да ги коригира погрешните податоци согласно со одредбите од точките 8-а и 8-б од Одлуката. |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |
| 12. | Прашање | Дали за пренесените кредитни изложености на сметките за вонбилансна евиденција кај кои се поминати дванаесет месеци од датумот кога банката била должна да врши исправка на вредноста, односно да издвојува посебна резерва од 100% треба да се доставуваат податоци до Кредитниот регистар? |
| | Одговор | Податоците за овие кредитни изложености соодветно се внесуваат во полињата 46 „ГлавницаОП (3)", 47 „КаматаОП (4)" и 48 „дрПобарОП (5)". |
| | Датум на објавување на одговорот | 29.1.2016 |

| **II** | **Тема** | **ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ (КОВИД -19)** |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | **Доколку кредитната партија веќе била реструктурирана или пролонгирана (на 29.2.2020 година има ознака за Р или П во полето 27-1) и во периодот од 1.3.2020 до 30.9.2020 година е направена промена на договорните услови како резултат на епидемијата на ковид-19 (точка 58-б од Одлуката), дали ознаката Ц може да ја замени претходната ознака Р или П?** |
| | Одговор | Доколку согласно со точката 58 - б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик, банката ги промени договорните услови на кредитните изложености, за кои полето 27-1 Р/П „**Реструктурирање или продолжување на рокот на достасување**" на 29.2.2020 година било пополнето со ознаката „Р" или „П", во тој случај банката го пополнува полето 27-1 - Р/П/Ц „**Реструктурирање, продолжување на рокот на достасување или промена на договорните услови**" од Упатството, со ознаката „Ц" (којашто ја заменува претходната ознака). |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 2. | Прашање | **Како ќе се користи ознаката „Ц" за производите коишто немале никаква измена на договорните услови до 29.2., но понатаму има промена којашто ќе доведе до пролонгирање или реструктурирање?** |
| | Одговор | **Согласно со точката 58-б** од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик, на овие кредитни изложености банката може во два наврати да изврши некоја од активностите од точката 37 став 1 од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик, без таа кредитна изложеност да |

| | | |
|---|---|---|
| | | добие третман на реструктурирана кредитна изложеност. Оттука, за кредитните изложености коишто не се сметале како реструктурирани на 29.2.2020 година, банката го пополнува полето 27-1 од Упатството **со ознаката „Ц" доколку до двапати изврши промена на нивните договорни услови.** |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 3. | Прашање | **Дали ознаката Р/П/Ц да се пополнува согласно со последно направената измена за даден производ, или според одреден приоритет (пр. ако производот е реструктуриран, а има и промена на договорните услови поради ковид-19, да се означи со Р)? Притоа, се подразбира дека сите останати поврзани податоци (број на извршени промени Р/П/Ц, датум на извршени промени Р/П/Ц, одобрен износ при извршена промена Р/П/Ц, нов датум на достасување Р/П/Ц) треба ја следат ознаката којашто ќе биде наведена во полето 27-1 Р/П/Ц и да се однесуваат на конкретниот тип на промена наведен во ова поле.** |
| | Одговор | Пополнувањето на полето 27-1 од Упатството треба да биде согласно со **последната направена измена** кај кредитната изложеност и согласно со тоа, да се внесат сите останати податоци поврзани со конкретната изложеност. За веќе реструктурираните кредитни изложености (од одговорот број 1), ознаката „Ц" може да се внесе само при еднократно менување на договорните услови, бидејќи второто менување на договорните услови ќе биде означено со „Р". За веќе пролонгираните кредитни изложености (од одговорот број 1), како и во случајот од прашањето број 2 (за кредитните изложености за кои заклучно со 29.2.2020 година нема никаква промена на договорните услови, ознаката „Ц" може да се внесе при промена на договорните услови во два наврати. Доколку се случи трета промена на договорните услови, ќе биде означено со „Р". |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 4. | Прашање | **Како и дали ќе се известува за изложеностите од точка 58-а за кои нема да се менуваат договорните услови, туку само се менува третманот на нефункционални?** |
| | Одговор | Во периодот до 30 септември 2020 година, кредитните изложености од точката 58-а од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик кај кои нема да се менуваат договорните услови, а клиентот во овој период доцни во намирувањето на обврските до 150 дена, ќе се пријавуваат во Кредитниот регистар како **редовни**, а при пополнувањето на полето 24-1 „**Максимален број денови на доцнење**" ќе се внесува максималниот број денови на доцнење на датумот на известување (до 150 дена). Банката може да |

| | | |
|---|---|---|
| | | ги задржи тие изложености како редовни најдоцна до 31 декември 2020 година, до кога е потребно да се изврши усогласување со точката 2 потточка 2.6 од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик и овие изложености да добијат нефункционален третман, освен доколку се создадат услови да го задржи редовниот статус.<br>Притоа, останува обврската за класификација на овие кредитни изложености согласно со деновите на доцнење, како и другите критериуми предвидени во Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик врз основа на кои банката врши класификација на кредитните изложености, при што можноста за продолжување на редовниот статус на овие изложености не значи можност за нивна прекласификација во подобра категорија на ризик, ниту, пак, ослободување исправка на вредноста. |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 5. | Прашање | **Како треба да се известува во следниве 2 сценарија:**<br>**1. Сценарио - Одобрување кредит за рефинансирање со мораториум во однос на отплатата на обврските;**<br>**2. Сценарио - Воведување целосен/делумен мораториум на отплатата на обврските кај веќе постојни производи.**<br>**Како да се пополнат следниве полиња:** |
| 5.1 | Прашање | **27-1 - „Р/П/Ц“ – Дали во ова поле со новата ознака „Ц“ да се означуваат производите од сценариото бр. 1 (со оглед на тоа што рефинансирани кредити не се известуваат во Кредитниот регистар од декември 2014 година)?** |
| | Одговор | Во однос на првото сценарио, во регулативата повеќе нема дефиниција за рефинансирање, па поаѓаме од претпоставката дека под рефинансирање опфаќате рефинансирање на обврските на клиентот кај друга банка. Во тој случај се работи за нов кредит, при што во полето 27-1 - Р/П/Ц „**Реструктурирање, продолжување на рокот на достасување или промена на договорните услови**“ од Упатството ќе се внесе „Ц“ доколку во периодот до 30 септември 2020 банката изврши промена на договорните услови.<br>Во однос на второто сценарио се дадени насоки во табелата 1. |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 5.2 | Прашање | **11-2 – „брКПС“ – Ова поле може да се пополнува само доколку станува збор за сценариото број 1. Кај сценариото број 2, полето „брКПС“ не би можело да се пополнува – нема стара партија којашто се затвора со оваа изложеност. Што би се известувало при сценариото број 2 во полето „брКПС“?** |

| | | |
|---|---|---|
| | Одговор | Кога станува збор за второто сценарио, полето 11-2 **„брКПС“, број на старите кредитни партии,** треба да се пополни со бројот на кредитната партија на производот (нов број при сценариото бр. 1, стариот број при сценариото бр. 2). |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 5.3 | Прашање | **„датР/П/Ц – Кај сценариото број 1 би се внесувал датумот на договорот, но што би се внесувало кај сценариото бр. 2?** |
| | Одговор | Полето 13-а – **„датР/П/Ц“, датум на реструктурирање, продолжување на рокот на достасување или промена на договорните услови како резултат на епидемијата на ковид-19,** се пополнува со датумот на промената на договорните услови, односно датумот кога се воведува целосен или делумен мораториум на отплатата на обврските на постојната кредитна изложеност (во второто сценарио). |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 5.4 | Прашање | **„одобрР/П/Ц“ – Што би се внесувало кај сценариото број 2? Износот на недостасана главница на датумот на воведување на мораториумот?** |
| | Одговор | Во полето 14-а **„одобрР/П/Ц“, одобрен износ при реструктурирањето (одобрР), продолжувањето на рокот на достасување (одобрП) или промената на договорните услови (одобрЦ),** во случај на второто сценарио се внесува износот на главницата за која се одобрува мораториум, на датумот на воведување на мораториумот. |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 5.5 | Прашање | **„новДатДост“ – Кај сценариото бр. 1 овој датум би бил ист со датумот во полето „датДостГлав“? Кај сценариото број 2 би се внесувал новиот (пролонгиран) датум на достасување? А во полето „датДостГлав“ би бил датумот на достасување пред воведувањето на мораториумот?** |
| | Одговор | Полето 29-1 **„новДатДост“, нов датум на достасување,** се пополнува само доколку е променет датумот на достасување на кредитната изложеност, во спротивно полето не се пополнува. Така, во првото сценарио ова поле не се пополнува бидејќи се работи за нов кредит. Во второто сценарио се пополнува со новиот датум на достасување согласно со промените на условите (мораториумот). Во второто сценарио, во полето „датДостГлав“ ќе остане датумот на достасување пред воведувањето на мораториумот. |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 5.6 | Прашање | **Што би се внесувало во полето „брР/П/Ц“ кај партиите обележани со „Ц“?** |

| | | |
|---|---|---|
| | Одговор | Во полето 28 **„брР/П/Ц“**, **број на продолжувања на рокот на достасување/број на реструктурирања/број на промени на договорните услови,** се внесува бројот на промени на договорните услови како резултат на епидемијата на ковид-19 согласно со точката 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик, при што треба да се имаат предвид одредбите од точките 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик (табела 1). |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 6. | Прашање | **Доколку еден клиент ја прифати јавната понуда за одложување на обврските по главница и камата и следниот месец се предомисли и сака да го врати кредитот во отплата, односно да нема одложување на обврските, дали во тој случај промената ќе претставува промена на договорните услови и ќе се брои и ќе се евидентира во полето бр. 28 од Упатството и ќе и остане ознаката „Ц“ или не се брои.** |
| | Одговор | За кредитната изложеност кај која имало промена на договорните услови согласно со точката 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик и за која банката во полето 27-1 - Р/П/Ц „Реструктурирање, продолжување на рокот на достасување или промена на договорните услови“ од Упатството, ја внесла ознаката „Ц“, доколку следниот месец клиентот се предомисли и сака да го врати кредитот во отплата, за оваа кредитна партија во полето 27-1 од Упатството нема да се внесе ознаката „Ц“ (доколку претходно ова поле било празно, односно ќе се задржат ознаките „П“ или „Р“ доколку претходно ова поле било пополнето со овие ознаки). Исто така полето 28 - брР/П/Ц, „број на продолжувања на рокот на достасување/број на реструктурирања/број на промени на договорните услови“, нема да се пополни, односно ќе остане празно. |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 7. | Прашање | **Дали доколку за некоја кредитна партија во април полето Р/П/Ц е пополнето со ознаката „Ц“ и со број на промени во полето брР/П/Ц „1“, а во наредниот месец, има пролонгирање или реструктурирање на кредитната партија поради одредена одлука на банката, којашто нема поврзаност со ковид-19, туку е донесена на барање на клиентот, ќе треба да се известува со „П“ и со број на промени во брР/П/Ц „1“, односно ќе треба да се известува со „Р“ со број на промени во полето брР/П/Ц „1“, или сепак треба да остане „Ц“ во полето Р/П/Ц во наредните месеци до 30.9.2020, бидејќи клиентот веќе еднаш прифатил понуда поради состојбата со ковид-19?** |

| | | |
|---|---|---|
| | Одговор | Доколку банката во април 2020 година го пополнила полето 27-1 - Р/П/Ц „Реструктурирање, продолжување на рокот на достасување или промена на договорните услови" од Упатството со ознаката „Ц", во тој случај, при следната промена на договорните услови, пополнувањето на полињата 27-1 - Р/П/Ц и 28 - брР/П/Ц од Упатството ќе зависи од тоа како било пополнето полето 27-1 од Упатството на 29 февруари 2020 година. Притоа, банката треба да ги следи насоките дадени во табелата 1. |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |
| 8. | Прашање | **Како ќе треба да се постапи по завршувањето на новонастанатата ситуација со ковид-19 кај партиите коишто дотогаш се воделе со ознака „Ц", а пред промената биле со ознака „П" или „Р"? Дали ќе треба да се вратат овие ознаки во полето Р/П/Ц и со соодветниот број на промени во полето брР/П/Ц, согласно со тоа колку пати биле реструктурирани или пролонгирани?** |
| | Одговор | Од октомври 2020 година, при пополнувањето на полињата 27-1 - Р/П/Ц „Реструктурирање, продолжување на рокот на достасување или промена на договорните услови" и 28 - брР/П/Ц „Број на продолжувања на рокот на достасување/број на реструктурирања/број на промени на договорните услови" од Упатството, банката треба да ги следи насоките дадени во табелата 1. |
| | Датум на објавување на одговорот | 3.6.2020 |

**Табела 1:**

**Насоки за пополнување на полето 27-1 - Р/П/Ц „Реструктурирање, продолжување на рокот на достасување или промена на договорните услови" при примената на ознаката Ц**

| Кредитна партија | На 29. 2.2020 | Прва промена во периодот до 30.9.2020 | Втора промена во периодот до 30.9.2020 | Трета промена во периодот до 30.9.2020 | На 30.9.2020 | На 31.10.2020 (доколку нема промена во октомври) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| x | празно | Ц (првпат) | Ц (вторпат) | Р | Р (првпат) | Р (првпат) |
| k | празно | Ц (првпат) | Ц (вторпат) | | Ц (вторпат) | Ц (вторпат) |
| y | празно | Ц (првпат) | | | Ц (првпат) | Ц (првпат) |
| z | П | Ц (првпат) | Ц (вторпат) | Р | Р (првпат) | Р (првпат) |
| s | П | Ц (првпат) | Ц (вторпат) | | Ц (вторпат) | Ц (вторпат) |
| u | П | Ц (првпат) | | | Ц (првпат) | Ц (првпат) |
| t | Р (првпат) | Ц (првпат) | Р неф. | | Р неф. | Р неф. |
| l | Р (првпат) | Ц (првпат) | | | Ц (првпат) | Р (првпат) |